# УЛОГАТА НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ ВО НАЦИОГЕНЕЗАТА НА БАЛКАНОТ ПРЕКУ КОМПАРАЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА ТРИ НАЦИОНАЛНИ ИДЕИ ВО АЛБАНИЈА И МАКЕДОНИЈА НА ГРАНИЦАТА МЕЃУ 19 И 20 В. [1]

***балканските нации како Self-Fulfilling Prophecy[2]***

проф. д-р Стојко Стојков
Институт за историја и археологија, Универзитет Гоце Делчев Штип

Summary: This article focuses on one current issue in the Balkans, namely the impact of the Great Powers on the emergence and development of concrete nations. This is illustrated by the example of the role of the Austro-Hungarian Empire in the creation of the Albanian nation and the contrasting parallel with the weak engagement or even the negative involvement of the Great Powers in the emergence of the Macedonian. A parallel has been drawn between the role of Austro-Hungary in Albania and Bulgaria in Macedonia. Contrary to attempts to classify the Balkan nations into two groups as political (artificial) and ethnic (natural), the thesis here is that they, like all nations in general, are political constructs that in some cases define themselves as "ethnic". The example of the decisive role of the political element in building even to what is considered as one of the most ethnical nations in the Balkans, the Albanian, is illustrative in that regard. The Balkan nations could be divided into two groups according to another principle: those which are a direct projection of the intellectual and cultural dominants and the political interests of the Great Powers: Greek, Serbian, Bulgarian, Albanian, and nations created without the direct support of the Great Powers and developed as a side effect or in response to already emerging national movements and states – as Macedonian, Turkish, Montenegrin, Bosnian.

Keywords: political nation, nationalism, Albanian nation, Macedonian nation, great powers

## *Соочување со несаканото*

Национализмот и поврзаната со него национална самосвест не се нешто природно и свое на Балканот, а и самата идеја за постоење на балкански нации се раѓа и развива во странство и од странци. Балканските национални идеи[3] иако користат автохтони имиња, самите најчесто не се автохтони – тие или се увезени директно, или при своето конструирање користеле идеи и рамка создадени во странство. Се создаваат под директно влијание на интелектуалните и културните текови во големите европски држави[4]. За жал, овој феномен е сепак недоволно проучен и доста потценет, зашто секоја национална историографија на Балканот се чувствува незгодно од мислата дека е можно дури и самата идеја за постоење на соодветната нација да се има родено во

[1] Статијата е подготвена за зборникот на меѓународната конференција: „Почетоците на австриската дипломатија во Македонија – со посебен осврт кон Австро-унгарскиот конзулат во Битола/Монастир 1851-1919“, која се одржа на 15. 10. 2018, но поради долгото одложување се објавува овде.

[2] Претскажување, кое самото го предизвикува своето исполнување, обично затоа што луѓето му поверувале и дејствувале сообразувајќи се со него.

[3] Под национална идеја овде мислам на мислењето дека одредена нација со одредено име и базични карактеристики (јазик и религија) постои на одреден простор.

[4] Улогата на панхеленизмот и пасnлавизмот во појавата и развојот на соодветните национални идеи на Балканот е добро познат феномен.

странство и меѓу странци. Наместо да се истражува како се појавува и се шири конкретната национална идеја и од каде доаѓа поддршката и финансирањето на соодветното национално движење, акцентот се префрла врз внатрешните текови и историјата се интерпретира преку неточната претпоставка дека нацијата, веќе си била овде и националните идеи и акции се јавуваат само како израз на нејзиното постоење и дејствување, на нејзината борба и волја[5]. Дејствијата на големите сили се интерпретираат едноставно како поддршка на локалните реалности во своја корист, кога тие дејствија во многу аспекти всушност ги уништуваат локалните традиции.[6] Наспроти тоа, ние можеме да го проследиме коренот на идејата за постоење, на една или друга балканска нација, до конкретно културно движење, идеологија и политика кај големите сили. Често, можеме дури да ја обележиме годината кога соодветна национална идеја пристигнува во некое место и името на оној што ја има донесено (види подолу).

Еден од начините на кој се реагира во балканските историографии на новите научни идеи за нациите и национализмот[7] е преку позицијата дека сите критики против националниот прочит на историјата се основани, но само доколку се однесуваат на „другите“ нации на Балканот – и никако на „нашата“. Сите критики и забелешки кон туѓите нации со задоволство се цитираат и елаборираат, а истите кон својата се премолчуваат или негираат.

Друг начин да се избегне соочувањето со реалноста, е обидот да се претстави својата нација за „етничка“ и „природна“ наспроти другите политички и „неприродни“ нации. На пример како што ќе тврди Врбан Тодоров: „Во 19 в. етничките нации се борат против империите за да создадат сопствени држави, а во 20 в. државите ги создаваат политичките нации“[8]. Во конкретниот пример, по име се класифицирани како „политички“ следните нации: албанска, турска, македонска и босанска, независно што нивните национални идеи веќе постојат во 19 в. паралелно со оние на „етничките“ нации. Меѓутоа, разликата меѓу нациите на Балканот ни најмалку не е што едните нации се *етнички*, а другите *политички* – сите тие се несомнено политички; ниту е во тоа дека наводно етнички нации создаваат држави додека политичките биле создадени од држави – таква разлика на Балканот не постои. Овде, во сите случаи националните движења му претходат на создавањето на национални држави. Но државите не се создадени од нив, а уште помалку од нации, туку од големите сили и имено, тие држави создадени однадвор, и ги создаваат (довршуваат) понатаму нациите. Всушност, и

---

[5] Според точната забелешка за тоа во однос на трудот за албанската нација на Теодора Толева, *Влиянието на Австро-Унгария за създаването на албанската нация (1896 – 1908)*, Сиела, София, 2012, 26. Види и Уилям Хейгън, Смъртоносните национализми на Балканите, *Либерален преглед*, 11 Декември 2012, http://librev.com/index.php/2013-03-30-08-56-39/prospects/europe/1878-2012-12-11-19-04-16: „Сите балкански нации се родени во XIX и раниот XX в. како иредентистички нации .... кои се стремат да си ги ослободат ‘неослободените’ национални ‘замислени заедници‘ и тие ‘се појавуваат од вековите на османлиска власт без речиси ништо друго освен оваа очајничка желба за национален идентитет’“.

[6] Како протонацијата на Рум-милетот – види кај Раймонд Детрез, *Не търсят Гърци, а Ромеи да бъдат, . Православната културна общност в османската империя. XV – XIX в.*, София, 2015, 28-165

[7] Класични во тој однос се трудовите на Ернест Гелнер, *Нациите и национализмот*, Култура, Скопје 2001, Бенедикт Андерсон, *Замислени заедници*, Култура, Скопје 1997, Ерих Хобсбаум, *Нациите и национализмот по 1780 г., програма, мит, стварност*, Култура, Скопје 1993.

[8] Според на пример: Върбан Тодоров, Предговор, во: *Влиянието на Австро-Унгария...*, София, 2012, 9.

самите национални движења се до голем степен инспирирани, поддржувани и финансирани од истите големи сили. Разликата доаѓа по линија на основниот фактор во поттикнувањето и поддржувањето на националните движења и создавањето на националните држави (нациогенезата) – големите сили.

Поради систематското минимизирање на фундаменталната улога на големите сили во нациогенезата, иако познати сепак останале донекаде потценети следните клучни фактори.

Првиот – политичкото охрабрување и протекција без кои националните движења многу тешко би  можеле да се развијат, а уште потешко да опстанат во границите на Отоманската Империја; наглото разгранување на конзулската мрежа на големите сили на Балканот по Кримската војна, директно кореспондира со засилувањето на националните движења во отоманскиот Балкан.

Вториот и уште поважен – финансирањето од страна на големите сили, (директно од буџетот, или индиректно од општествени организации и мецени) на весници, списанија, книги, училишта, институции, организации, поединци, давањето стипендии, како и можности за учење на деца од Балканот, отворање на своите служби за национални дејци итн.

Без ова охрабрување, финансирање и заштита, веројатно, повеќето од скромните национални пројави на Балканот во 19 в. и така немаше да се случат, а ако се случеа, би биле многу послаби и многу веројатно би биле прилично различни според форма и содржина.

На крајот – без протекцијата на големите сили – ниту една балканска национална држава не би имала никаква шанса да се создаде[9], а без овие држави ниту една национална идеја не би можела да прерасне во нација. Така, големите сили играат важна, понекогаш клучна или основна улога во секоја етапа од создавањето на балканските нации – раѓање на идејата за соодветна нација, поттикнување, финансирање и протекција на националните движења, нивно претставување и рекламирање во светот, создавање на национални институции и држави. Помала е нивната улога само во последната и решавачка етапа – претворање на нацијата во реалност преку системот на државни национални училишта во соодветните држави, каде што основна улога играат младите балкански национални елити. Но и тука, идејните текови во големите сили имаат видливо влијание.

Кажаното ни најмалку не значи дека Балканците не играле никаква или пак играле сосема маргинална и пасивна улога во создавањето на нивните нации, туку само дека улогата на големите сили е далеку поголема и важна отколку што сакаат да признаат и воопшто да истражат балканските историографии. Балканците се јавуваат како активни соучесници во градењето на сопствените нации.

Но фокус на овој труд не е процесот на создавање на нациите, туку улогата ан големите сили во развојот на националните идеи. Примерот со развојот на

---

[9] Во бугарскиот случај тоа е особено видливо бидејќи државата се создава како последица од Руско-турската војна и е организирана од руски чиновници, офицери и со руски пари. Но истото, на различен макар и не толку видлив начин, е точно и за другите. Без согласноста и поддршката на големите сили, никое балканско револуционерно движење не би имало дури и најмала шанса против силите на Отоманската Империја. Судбината на Курдите претставува жив доказ за тоа.

национализмот во земји „на раскрсница“ како Албанија и Македонија е многу илустративен во таа насока. Во првата, зашто можеме да набљудуваме две фази – без и со поддршка од големи сили. А втората, зашто ни покажува во паралела што се случува со националните идеи без поддршка на големите сили (македонска национална идеја) и на такви со поддршка на силите и на локални држави (бугарска и грчка национална идеја).[10] Презентираниот материјал понатаму, нема намера да ја исцрпи темата, или да даде дефинитивни заклучоци, туку да ја илустрира и аргументира поставената теза.

***Албанскиот случај***

Примерот со раѓањето на албанската нација е особено илустративен, зашто ако има нација која има некаква основа да претендира за издвоеност по етничка основа на Балканот – на прво место тоа е албанската, изградена врз популација која јазично и културно се разликува од останатото население на Балканот. Сепак, оваа етничка карактеристика ќе игра многу мала улога во изградбата на албанска нација, додека улогата на Австро-Унгарија и Италија ќе биде клучна.

Каква била положбата со албанското национално движење на крајот од 19 век?

Според оценките на големиот албански национален активист, Феик беј, изнесени во 1899 год. тоа изгледа вака: „албанската пропаганда“ (како што ја нарекува националната пропагандна дејност на албанските активисти) е „нула“, а националната идеја – „идеја во зародиш“, неразвиена и недоволно силна и која личи на „само обиди во споредба со упорните, моќни и организирани напори на Словените и Грците“. Дури и во случаите кога по исклучок некаде се отворило албанско училиште, тоа најчесто не успевало да опстане за повеќе од неколку месеци[11].

На исто мислење била и Австро-Унгарија. Австроунгарската дипломатија, на 8 декември 1896 год. изработува меморандум за Албанија. Според авторите на меморандумот, многу е важно да не се заборава дека албанското население не претставува вистинска национална заедница, независно што е географски поврзано. Се состои од две племиња Тоски и Геги, кои се туѓи и дури непријателски едно кон друго и во никаков случај не може да се зборува за национално чувство меѓу нив, за чувство за општа политичка припадност или за заеднички интереси. Тие зборуваат дијалекти кои се скоро неразбирливи едни за други[12] и кои дури користат различни азбуки за пишување – Тоските грчка, а Гегите – латиница. Поделени се на четири религии – муслимани сунити, муслимани шиити – бекташи, православни и католици. Тие имаат различни надворешни врски и приоритети. Тоските се силно поврзани со Грција, додека Гегите – главно со Австро-Унгарија. Сите муслимани пак, го поддржуваат султанот и неговата власт. Тоа е вистината наспроти фактот дека во умовите на некои албански патриоти започнува да се зародува идејата за обединета и независна Албанија. Притоа, како важен поттикнувачки фактор за Албанците се јавува перспективата од

---

[10] Во случајот за краткост како илустрација ќе биде користена само бугарската идеја во Македонија.

[11] Феик беј, *Спомени за албанското национално движење*, Брисел, јануари 1899, во Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* прилог бр. 2, 450 – 470 и особено 458, 461, 463 и 470.

[12] Види во: *Состојба во националното движење во Албанија во крајот на 1901 г. и врските на империската и кралска влада со него*; во Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* Во Прилог бр. 4, стр. 494 оваа состојба се дефинира вака: „Разликите меѓу нив се толку големи, што едното племе не разбира или го разбира многу тешко другото, ако не го познава неговиот говор“.

распадот на Отоманската Империја и напредокот на славизмот поддржуван од Русија. Главната тешкотија се гледа во тоа да се распали кај Албанците чувството за припадност кон една и иста нација, а Гегите и Тоските да се организираат во една администрација, па дури и кога во неа би влегувале само муслимани од двете племиња[13].

Кон оваа генерална преценка треба да се додадат уште неколку, искажани во следните неколку години.

Проектираната нација дури немала сопствено општоприфатено национално име. Во Косово, *Арнаутин* и *Шкиптар* не се поврзуваат со никаква национална идеја, туку се однесуваат на вооружени муслимани, кои не се потчинуваат на никаков општествен поредок[14].

Особено бил голем проблемот со азбуката. Се користеле три основни: грчка, латиница, арапска, секоја од нив со поддршка во голем дел од албанското население. Меѓутоа, тие не се користат во чиста форма, туку им се додаваат букви за специфичните албански звуци и во резултат постојат вкупно 20 различни азбуки. Специфичните знаци го прават исклучително тешко печатењето на текстови со овие азбуки[15]. За разлика од соседите, кај Албанците во практика не постојат албански училишта – само едно или две[16].

Затоа, заклучокот на Толева е сосема основан: албанското население на крајот од 19 в. не само што не претставува нација, но и не се развива во таков правец. „Таканареченото албанско национално движење е преодно и претставува мала група, која дејствува надвор од 'националниот контекст', во услови на непостоење нација и претежно во странство во соработка со други големи сили". Австро-Унгарија игра многу важна и дури решавачка улога за да ги претвори овие процеси во неповратни по 1908 год. Сепак нејзините успеси биле возможни благодарение на постоењето на објективни услови за тоа[17].

### ***Австроунгарската интервенција***

Австро-Унгарија по 1896 год. ќе го смени својот однос кон Албанија, што ќе има огромни последици за албанската национална идеја, движење и создавање држава. Новата линија ќе биде формулирана на неколку тајни австроунгарски владини конференции по албанското прашање. Првата е одржана на 17. 11. 1896, под претседателството на министерот за надворешни работи, грофот Голуховски и е посветена на прашањето за териториите на Албанија при евентуален распад на Отоманската Империја. Утврден е австроунгарскиот државен интерес тие да се претворат во автономно кнежество под австроунгарски протекторат. За таа цел треба да се изгради албанска нација. На ова конференција, министерот на финансиите Фон

---

[13] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 80 - 84

[14] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 413, во прашање е извештај на конзулот Рапопорт од Призрен.

[15] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 31

[16] Цвидинек, *Политичката дејност во Албанија на империското кралско министерство на надворешните работи во 1897*, Виена, 11 .01, 1898; Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* Прилог бр. 3, 479. Во *Меморандум за Албанија* (од крајот на 1901 до почетокот на 1905 г.), април 1905 г., (во Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* прилог бр. 5, 504), се посочува дека и двете албански автохтони училишта во Корча се затворени во 1902 и 1904.

[17] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 435, 436

Калај, посочува на проблемот со огромните внатрешни разлики кај луѓето во Албанија, поделени на три вери, кои никогаш во историјата немале организирана држава и чиј општествен живот се ограничува само на тесни локални интереси. Меѓу клучните инструменти за подготовка се посочени разгранување на конзулската мрежа и материјално потпомагање на албанските лидери[18]. Фон Цвидинек и генералниот конзул Шмукер се задолжени да изготват меморандум за Албанија со детална информацијата за состојбата во неа.

Имено, овој меморандум ќе биде разгледан на втората тајна конференција одржана на 8. 12. 1896 г., со што се поставила основата на политиката на Австро-Унгарија по албанското прашање. Набележан е периметар на дејствие што треба да ги опфати католиците и муслиманите, препуштајќи го православниот југ на Грција[19]. На конференцијата е истакнато дека напорите треба да се насочат основно кон разбудување на националната идеја кај Албанците, со цел создавање национална држава[20].

Во меморандумот што бил прифатен на конференцијата се набележани повеќе цели и средства на работење по албанското прашање. Издавање на албанско списание финансирано од Австро-Унгарија, при што да се привлечат, назначат и наградат муслимански кореспонденти од Албанија и да се организира печатење на статии-кореспонденции во странски списанија во кои да се лансира идејата дека националната идеја кај Албанците веќе се буди и развива. Се предлага печатење и бесплатно делење на книги на албански јазик. Се поставува цел да се создаде единствена практична албанска азбука. Се предвидува стипендирање и образование на албански младинци во австриските училишта и дури предавање на албански во едно од тие училишта. Се препорачува да се напише патриотска историја на Албанија[21].

Набележани се и серија економски мерки за влијание. Засилување и олеснување на трговските врски, создавање поволна финансиска клима за трговија и вработување на истакнати Албанци во австриските трговски фирми.

Уште на првата конференција, за Албанија се предвидува финансирање на влијателните личности кај Албанците (истото ќе биде истакнато и во извештајот на амбасадорот Каличе од 3 март 1898 год.). Во меморандумот се предвидува богато финансирање на старешините на католичките племиња и лидерите на муслиманите. Предвидена е помош, исто така и за најсиромашните планински кланови и за сиромашните муслимани. Како особено важни се истакнуваат големото финансирање на текстови што ја пропагираат албанската национална идеја; обезбедување на посебен привилегиран третман кон сите влијателни Албанци; и активна заштита на албанските привилегии пред турските власти[22].

Клучната улога во меморандумот е предвидена за постоечките конзулати и нивните филијали во Скутари, Драч, Скопје, Призрен, Пеќ, Јанина, Превеза, Битола, при што како цел е набележано отворање на нови во Берат, Тирана, Круја, Елбасан,

---

[18] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 60 - 65
[19] Исто, 65, 66, 86
[20] Исто, 87
[21] Исто, 98, 99, 102.
[22] Исто, 100, 101.

Приштина, Митровица, Тетово, Корча. За конзули да се поставаат способни луѓе кои го знаат албанскиот јазик, а за реализирање на целта истиот да започне да се изучува во Империската и Кралската академија за источни истражувања. Конзулатите треба да бидат добро финансирани и во сите центри на територијата од интерес треба да се врбуваат доверливи месни луѓе[23].

Третата конференција е одржана на 23 декември 1896 год. и од нејзиниот записник се гледа дека веќе е започната активна работа врз посочените цели, при што албанскиот јазик е воведен во академијата и се оптимизираат сумите делени од конзулатите на одделни Албанци[24].

Целта на оваа програма е многу јасно формулирана во меморандумот на конзулот во Скутари, Ипен, од април 1897 година: „за да може кај нив да се формира национално чувство и да се постигне национално обединување“. Истовремено посочува дека „постојат сомненија... дали има доволно истомисленици и дали националниот елемент е доволен за создавањето на една нова Албанија“[25].

Важни дополнувања се направени по консултацијата со амбасадорот во Константинопол, Каличе, кој на 3 март 1898 год. дал свое мислење. Според него, требало да бидат изградени училишта на албански јазик и во муслиманските делови на Албанија, а Австро-Унгарија требало да стапи во тесни контакти со месните албанските лидери со цел изградба на национална свест и национална култура базирана врз нивните сопствени стремежи, а не истото директно да се пропагира. Изградбата на училишта на албански јазик и давањето на трговски и образовни привилегии да не се прави директно, туку само во одговор на молби од страна на албански лидери и активисти или во вид на помош за нивна дејност, откако претходно истите се насочени и поттикнати да го побараат тоа[26].

Како клучна тактика се оцртува деликатниот приод кој требало да го скрие фактот дека иницијативите и финансиите доаѓаат од Виена, за да не се создаде одбивност кај Албанците и реакција кај турската влада. Создавањето на албанската нација требало да изгледа како природно будење на самите Албанци, на кое Австро-Унгарија само му помага.

### *Реализација на австроунгарската албанска политика во периодот 1896 – 1908*

Австро-Унгарија веднаш започнува со акција – уште во извештајот за политичката дејност во Албанија од 11 јануари 1898 год. е посочено дека веќе активно се работи по сите точки – стипендирање, финансирање, пропаганда[27]. Најнапред ги активизира постоечките врски на конзулите и создавај нови преку нивните посети во поизолирани региони на Албанија. Извештаите на овие конзули јасно покажуваат практично непостоење на национална идеја или дури поддршка на идеја за автономија. Такви идеи се среќаваат кај малкумина помлади луѓе и се исклучително нејасни. На конзулите им е особено тешко да ја пропагираат националната идеја кон која

[23] Исто, 102 - 104
[24] Исто, 104 - 106
[25] Меморандум на Ипен, април 1897, во Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* прилог бр. 1, 444,
[26] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 119, 121
[27] Цидинек, *Полиитичката дејност...,* 473 – 488).

населението е рамнодушно[28]. Сепак, од 1900 год. натаму, се забележува промена во позитивна насока како резултат од разочарувањето на луѓето од политиката и неспособноста на османлиската администрација. Агитацијата на конзулите меѓу албанската клановска елита започнува да дава резултат вклучително и во доминантно муслиманските региони на централна Албанија[29]. Тие, со тајна австриска помош, делат и печатат литература на албански јазик. Меѓутоа и во следната 1901 год. се констатира дека националното чувство во народот е длабоко заспано – националната идеја во централна Албанија се наоѓа само кај поединечни бегови и аги. Симпатијата на населението кон националната кауза зависи од симпатијата кон истата на нивните бегови. Состојбата реално не се менува ниту до почетокот на 1905 година[30].

Австро-Унгарија се откажува од почетниот план да започне издавање на албански весник финансиран од неа, а обезбедуван со материјали од нејзините конзулати, за да се избегне впечатокот дека е во прашање австриска пропаганда, Наместо тоа, го привлекува на своја страна, списанието „Албанија“ на Феик беј. Во списанието започнуваат да се објавуваат материјали подготвени од австроунагрските дипломати и тоа да ја следи во општи црти линијата одредувана од Австро-Унгарија. Во 1905 год. финансии од Виена добиваат освен списанието „Албанија“ на Феик беј, исто така и списанието „Албанија“ на Дервиш Хима и весниците „Дрита“, „Тоска“, „Беса“[31]. Меѓутоа, независно од сите напори, влијанието на националниот печат си останува исклучително ограничено во Албанија[32].

Виена финансира и серија книги за албанската историја. До 1901 год. редактирани и финансирани од Австро-Унгарија се: „Историја на Албанија“ а подготвени за печат се: „Албанска граматика“, „Христијанска историја“ и „Карта на Албанија“. Наскоро ќе бидат финансирани и „Историја на Скендербег“ и „Историја на Турција“ подготвени од многу блиску поврзаниот со Виена Феик беј[33].

---

[28] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...*, 194, извештај на Петровиќ за посетата на Берат во јули – август 1899. Вице-конзулот искажува мислење дека на Албанците не им е важно дали нивните заедници ќе прераснат во нација и предлага за момент да се изостави пропагирањето на оваа идеја.

[29] Резултатите во 1900 год. се сосема скромни. Вице-конзулот Квјатковски посочува како позитивен пример тоа што во бројката на деца кои учат албански во католичкото училиште во Тирана нараснале од 4 на 8 за да стигнат до 14 во таа година. Сепак во следната 1901 год. нивната бројка многу е намалена. Во 1902 год. во него учат 17 деца, но конзулот искажува страв дека ако не се привлечат повеќе во следната година, тоа може и да затвори (Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 199, 204, 209).

[30] *Меморандум* (Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 502) соопштува (и тоа како успех) дека „во многу градови како Тирана, Елбасан, Скутари, Дибра, Валона и други се создадени друштва чија цел е да се формира претстава за припадност кон еден и ист народ и да се осознае неопходноста од унифицирање на националниот јазик.

[31] *Дејствија на Австро-Унгарија, април 1905*, во Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* Прилог бр. 6, 522 – 524.

[32] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 393 – 401, 410 - 413

[33] На тоа започнува да се работи уште во 1897 год. Во *Политичката дејност во Албанија...*, с. 482 стои дека „на седницата на Министерството за надворешните работи беше земено решение да се работи за разбудување на националното чувство на Албанците преку распространување на историски книги, напишани на лесен и разбирлив јазик. За остварувањето на оваа задача започнуваме со подготовка за издавање на популарни раскази на јазикот на Гегите, кои ќе бидат финансирани од надворешното министерство. Книгата скоро ќе излезе од печат и имаме намера да биде распространувана меѓу народот дискретно од наши доверливи агенти“; Види и *Состојба во националното движење од 1901 г....*, 495; *Дејствија...*, 525; Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 419.

За да може да организира пропаганда преку печатот, Австро-Унгарија има потреба од создавање единствена албанска азбука. Меѓутоа овде таа наидува на огромни проблеми и независно од сите напори не е во состојба да воведе таква дури ниту во католичките училишта кои се под нејзин протекторат[34]. Сепак, благодарение пред сè на исклучителната работа на конзулот Крал, прашањето за создавање на единствена албанска азбука станува централно во дебатите на албанските националисти и тоа со активна деликатна австриска помош доведува до постигнување на компромис меѓу закараните албански фракции на конгрес во Битола во 1908 год. и примање на две азбуки. Но за албански правопис и литературен јазик ќе треба да се почека до крајот на османлиското владеење и ќе се реализира дури за време на австриската управа во Албанија, до немал степен по заслуга на истиот Крал[35].

Австро-Унгарија била свесна дека без албански училишта развивањето на национална идеја би било невозможно[36]. Но такви во практика немало, а во католичките се предава на италијански. Започнува постепено воведување на албанскиот јазик во училиштата финансирани од Австро-Унгарија и изучување на лектири со албанска националистичка содржина. Меѓутоа, предавањето на албански, сретнува мноштво проблеми и често се врши само делумно[37]. Дури и во април 1905 год. австриската дипломатија ќе констатира дека „националното движење постои и се развива, но е очигледно дека во иднина нема да може да преживее и да прогресира без постоење на национални училишта[38]. Освен во издавање и бесплатно делење на учебници на албански јазик, Виена активно се ангажира и во создавање на албански учителски кадар на албански јазик во своите образовни институции[39]. Минималниот број на писмени луѓе се покажува голема пречка пред националната пропаганда спонзорирана од Виена и до 1908 год. таа, и покрај големите напори и средства, си останува силно ограничена.

Накрај, но не и најмалку важно – Виена дава голема помош и субвенции на различни албански дејци за да ја поттикнува и насочува нивната дејност[40], а исто така

---

34 Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 304 – 317, Во 1905 г. во *Дејствијата...* 526, се констатира: „Решавањето на проблемот со азбуката, толку важен за националното единство и за обединување на албанските кланови, се одложува за во иднина. Наспроти тоа под капата на империската и кралска влада се спроведени важни подготвувачки активности и проучувања, кои без сомнеж ќе придонесат за дефинитивното разрешување на проблемот.“

35 Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,, 321 – 340.*

36 *Меморандум...*, 508: „Создавањето на национални училишта во услови на непостоење на нација претставува апсолутно неопходен и задолжителен услов од огромна важност за секое сериозно дејствие во насока на подобрување на положбата во Албанија“.

37 Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 379, 383, 384

38 *Меморандум...*, 503.

39 *Дејствијата...*, 528 – 531. Уште во 1901 год. се создадени факултативни курсеви по албански јазик во албанската колонија Борго Ецио до Зара, а од 1903 год. таму се отвораат и женски курсеви. Од 1903 год. започнува да работи и курс за албански јазик во Националниот институт за источни јазици во Виена. Во интернатите на институтите во Клагенфурт и Католичкиот учителски сојуз во Веринг се примаат и воспитуваат албански младинци. Во 1905 год. првите тројца завршени, работат во училиштата во Призрен, Драч и Скутари, а други 7 се подготвуваат во австриските институции. Во документот се предлага отпуштање на стипендии за продолжување на образованието во Австро-Унгарија за најдобрите ученици на австриските училишта во Албанија.

40 Во *Дејствијата...*, 533 директно се кажува „владата е на мислење дека важно средство за зацврстување на нацијата е давањето помош на албански патриоти во нужда и на истакнати личности, од кои предвид може да се очекува позитивен ефект на нашата обединувачка мисија“.

пројавува стремеж нив да ги заштитува пред турските власти. Се забележува и натпревар во „купување души“ со Италија[41].

Освен Австро-Унгарија, во ист правец за создавање на албанска национална свест работи и Италија[42]. Англија исто гледа позитивно на овие процеси и ги препушта своите конзулати во поддршка на развојот на Албанија. Истото се прави и од американските протестантски мисии. Дури и оние што како Германија нема да земат никакво учество во овие процеси гледаат на нив позитивно. Единствен исклучок е Русија, но таа ќе биде изолирана со општ напор на останатите големи сили[43]. И покрај тоа, неопходни се големи напори од страна на големите сили, во комбинација со заканата од брзиот развој на соседскиот национализам и стравот од распадот на Турција за да ги поттикнат елитите во Албанија во таков национален правец.

### *Оценките на Австро-Унгарија за постигнатото до 1908 година*

Според извештајот на вицеконузлот во Драч за ситуацијата во централна Албанија за периодот 1905 – 1907, овој регион продолжува да останува расцепкан на затворени области со сосема различни традиции, интереси и врски. Националната идеја се развива, но конзулот изразува жалење дека луѓето со вистинско патриотско чувство сѐ уште се малку, а и му се чини дека учењето на албански јазик се прима како мода и игра, а под фразата „национална автономија“ сите мислат на различни работи. Изразува надеж дека можеби следната генерација ќе изгради национална свест[44].

Главните успеси на австроунгарската акција до 1908 год. биле:

1. Создавање на општа албанска азбука и литературен јазик.
2. Создавање на албанска историја.
3. Проширување на националната идеја кај самите Албанци и нејзино пропагирање на интернационално ниво.
4. Создавање на албански национални училишта.

Но и покрај овие успеси опфатените со албанското национално движење, остануваат релативно мал број луѓе без единствена идеја и разбирање, расцепкани и закарани меѓу себе.

### *Неколку паралели со Македонија*

*„Таа несреќна земја – луѓето, пропагандите ја образуваат и издигнуваат;*
*страшно е што тие пропаганди и ќе ја сварат“*

*Атанас Шопов*

Во Македонија во 19 в. ќе се судрат неколку национални идеи што дава одлични можности за истражување на развојот на национализмот. Овде вниманието ќе биде насочено на само две од нив: македонската и бугарската.

---

[41] *Меморандум...*, 510. Фразата е земена од таму.
[42] Види подетален опис на италијанската пропаганда пред 1901 год. во: *Состојбата на националното движење,* 99
[43] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 437, 438.
[44] Толева, *Влиянието на Австро-Унгария...,* 214 – 217

Македонската национална идеја е забележана во Македонија во средината на 19 в. иако нејзината генеза останува нејасна. Поподробен опис на истата имаме кај Славејков во 1871 година: „македонистите“ верувале дека се посебна нација, дека се потомци на античките Македонци, а дека нивниот јазик (кој за нив е истовремено јазик и на античките Македонци) е најчистиот словенски јазик. Славејков тврди дека овие идеи ги забележал кај некои Македонци „пред десетина години“ (т.е. околу 1860), но сега истите се „идеи кои многумина сакаат да ги спроведат во животот“[45]. Првиот македонски речник се појавува во 1875 (Белград), првата граматика во 1880 (Софија), а првата „Историја на Македонија“ во 1892 (во Софија, но останува необјавена)[46]. Во 1902, 1903 год. е извршен и важен чекор во кодификацијата на македонскиот литературен јазик и избистрување на македонската национална идеја со формирањето на Петроградското културно-литературно другарство, кое и го прима македонскиот за свој службен јазик, и со излегувањето на книгата на Крсте Мисирков во 1903 год. (печатена и запленета во Софија)[47]. Движењето на *македонистите* многу потсетува на она слабо и нејасно национално движење карактеристично за некои албански интелектуалци во втората половина на 19 в. Причината за оваа неразвиеност може лесно да се најде – истата не добива поддршка од ниту една голема сила и не се сместува добро ниту во културните текови на времето, ниту во потребите на протестантските и католичката пропаганда на Балканот. Ефектот од тоа е многу очигледен: македонската национална идеја се развива бавно и слабо, слично на албанската пред 1897 година.

Поразлична е ситуацијата со бугарската национална идеја, која во Македонија ќе навлезе од странство[48] притоа, многу добро вклопена во интересите на големи сили како Русија (и делумно Австро-Унгарија), на словенофилството и на католичката и протестантската пропаганда. За будењето на интерес кон неа, голема улога, слично како и во албанскиот случај, играат надворешните ентузијасти, собирачи на ракописи, песни и старини. Во албанскиот случај заслужува внимание дејноста на австрискиот конзул во Јанина, Фон Кан и францускиот А. Дозон[49]. Во Македонија, значајни се други двајца, Виктор Григоровиќ и неговото патување низ Турција (1844 – 1847), при што тој ја посетува Македонија во 1845 год. и се среќава со Миладиновци кои ги поттикнува да собираат народни песни, дури и да подготват граматика на „бугарскиот

---

[45] *Документи за борбата на македонскиот народ за независност и национална држава*, т. 1, Универзитет св. Кирил и Методиј, Скопје 1981, год. 207 – 210.

[46] Автор на сите е Ѓорѓија Пулевски од Галичник. Пулевски „Речник од три јазика“ и „Македонска граматика“ (извадоци во *Документи за борбата на македонскиот народ*, 270 – 272). Историјата е издадена за прв пат: Ѓорѓија Пулевски, Славјанско-македонска општа историја, МАНУ, Скопје 2003. Види и Чочо Билярски, Петко Рачев Славейков и скандала по македонския въпрос в българският възрожденски печат през 70-те години на XIX в. (интернет=публикација https://sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=481:-70-xix-&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61 користен на 17.05.2019).

[47] К. П. Мисирков, *За македонцките работи*, Софиіа, 1903. Блаже Ристовски, *Македонски работи*, МАНУ, Скопје, 2013, 184, 185, 187.

[48] Наспроти митот дека бугарската национална идеја се раѓа во Македонија, таа претставува увоз. Паисиј Хилендарски ќе ја придобие меѓу Србите во Австро-Унгарија и под влијание на книгите на Орбини и оние на Раиќ. Меѓутоа неговото дело „Историја словенобугарска“ останува непознато во Македонија и е без реално влијание врз процесите овде.

[49] Феик беј, *Спомени...*, 451, 452).

јазик“. Вториот е Стефан Верковиќ кој од 1851 до 1876 год. живее и собира песни и старини во Источна Македонија (Серес) и ги обиколува практично сите краишта на Македонија, водејќи активна кореспонденција со над 100 истакнати преродбенски активисти[50]. Такви странци не само што го поттикнуваат интересот на образованите луѓе во Македонија и Албанија кон културното наследство, туку истото го презентираат пред светот создавајќи во светската културна јавност одредени претстави за положбата во овие непознати земји и нивниот културен лик. Така, надворешните фактори играат улога како во донесување и ширење на националната идеја, така и во повратно презентирање на резултатите од своето влијание на меѓународно ниво подеднакво и во македонскиот и во албанскиот случај[51].

Во поголем дел од Македонија, според самите поборници на бугарската идеја, на крајот на 1850-тите, нема бугарска самосвест. Во 1858 год. тоа конкретно се тврди за Охридско, Битолско, Костурско, Меглендско, Воденско, Струмичко, Мелничко, Серско и Драмско[52], но реално, и во други места за кои се смета дека има „бугарски училишта“, тие се далеку од тоа да бидат национални. Во нив, не се изучува бугарска историја, повеќето користат книги на старословенски јазик, а некои дури и на српски.[53] Огромното мнозинство од словенските училишта во Македонија пред 1860 год. всушност, се ќелијни црковни училишта[54].

Едно од местата каде што најрано пристигнала бугарската национална пропаганда бил Кукуш, во 1858 год. Тогаш „се собуди народното чувство и в тие страни, где оно до сега спиеше глъбок сон, совсем беше подавенно и заглушенно от инородно. Така, пред неколко месаци, введесе българскийт язик во училището и в

[50] Ljubiša Dokletić, Životni put Stjepana Verkovića (1821-1894), *Radovi Zavoda za hrvatsku povijest Filozofskoga fakulteta Sveučilišta u Zagrebu*, Vol.14, No.1, Rujan 1981, 249, 250, 282 – 285. Ги посетува скоро сите места во Македонија при своите патувања во потрага по ракописи и старини (252 - 255) Во 1857 год. се среќава во Струга со браќа Миладиновци и со Кузман Шапкарев (263). Меѓу 1862 и 1877 год. ќе одржува кореспонденција со над 100 личности во Македонија и надвор од неа и со неколку црковни општини во Македонија, добивајќи повеќе од 500 писма. Снабдува учебници и црковни книги од Србија, а исто претплатува повеќе лица за весници и списанија. Преку него поминува кореспонденцијата на неколку општини (274).

[51] Зборникот „Народне песме македонских Бугара“ е издадена во Белград во 1860 год. Зборникот на Миладиновци е собран по идеја и порака на Виктор Григоровиќ по 1845, а издаден благодарение на бискупот Јозеф Штросмаер во Загреб во 1861.

[52] „В такво исто безотрадно положение се находат и до днеска всите следующи македонски епархии, именно: Охридска, Битолска, Костурска, Магленска, Воденска, Струмичка, Поленинска, Мелнизка, Сереска, Драмска, и некои други, где жителите се измешани со гърци. Дай Господи, кукужаните, които се всред среде поменутите епархии, да се учинат за них пример со своето пробудванье и добро стремление! ... вечна укоризна, срам и стид тьа легнет на Охрид, Битоля и други по-главни градища за нихното крайно закоснение в слепотата и заблуждението”. ЦДА, ф. 1887К, оп. 1, а.е. 500, л. 53-58; Сп. „Български книжици”, № 10, кн. 2, май 1858 г., 19.

[53] Во 1860 год. учителот во Охрид „нито книгиималъ, нито пъкъ учебници.. ... по нѣкакъвъ случай, Мелети донесълъ 150—200 сръбски буквари отъ Бѣлградъ. Моментално се разграбватъ и улесняватъ работата на Нелчинова. По такъвъ начинъ тръгнѩло вече напрѣдъ дѣлото”. (Евтим Спространов, По възражданьето въ градъ Охридъ, *Сборникъ за Народни Умотворения, Наука и Книжнина*, книга XIII, Министерството на Народното Просвѣщение, София, 1896, 633, 634). Верковиќ исто сведочи дека училиштата во Југоисточна Македонија барале да им се испраќаат часослови, псалтири и евангелија на црковнословенски јазик, литература потребна за ќелијни училишта, а не за национални (*Документи за борбата,* 201).

[54] За ширењето на училиштата во Македонија види Страшко Стојановски, Од милет до нација, Создавање на нациите и национализмите на Балканот, Штип, 2016, 188, 189, Иван Катарџиев, Серската област (1780 – 1878), во *Борба до победа*, т. 1, Мисла, Скопје, 1983, 142 – 148

цървките кукушки. ... Кукужаните до скоро време не толко не беха чуле никой път словото Божие на природнийт им язик, но не знаиха бедните существа ни оно на той язик...“[55]. „Бугарскиот јазик“ во случајот, едноставно е црковнословенскиот.

Според Шапкарев: „до пред 1860 год. бугарското чувство во Битола спиеше Варухов сон или дури и никако не постоеше... Но околу тоа време, не знам како, допаднал беше таму г. Васил Манчев, родом Бугарин из Свиштов... Така преку Васил Манчев најпрво во Битола се посеа бугарското чувство“[56]. Друг очевидец, Н. Ганчев пишува: „В. Манчев е првиот којшто под булото на католицизмот и под заштита на лазаристите се зафатил да проповеда отворено во Битола бугаризмот и храбро да го буди таму заспаниот дух на Бугаринот...“[57].

Според Евтим Спространов “„първата искра за народно чувство въ сърцата на“ охриѓани била запалена во 1860 год. До 1859 год. „съврѣменници твърдѭтъ, ... че поменъ нѣмало за бълг. езикъ въ класнитѣ училища“. Отворањето на првото бугарско училиште претставува надворешна иницијатива од рускиот воспитаник Партениј Зографски (Спространов ги коментира неговите бескрајни патувања низ Македонија со следните зборови: „На чии срѣдства пѫтувалъ той, съ какви наставления, никой не знае”). Училиштето е донирано со книги и пари од манастирот Зограф, кој исто е во тесни врски со Русија. Училиштето е затворено од Турците под обвинение дека „у Мустреви се рѣшавали по заповѣдь на Русия бунтовнически работи и че тамъ горѣли лампади, донесени дори отъ Москва“[58].

Во Серско и воопшто во Југоисточна Македонија, бугарската национална идеја е донесена по 1862 год. и проширена од Стефан Верковиќ во улогата на агент на српската влада[59]. Во овој дел на Македонија, кој воопшто не е опфатен од бугарското движење, тој ќе создаде јадро од активисти[60]. Како добар познавач на овој дел на Македонија од 1851 год. кога овде се населил, тој го окарактеризира како „без всякаква народна самостоятелност и съзнание“[61]. Според Верковиќ, неговата мисија била: „Македонските Словени да не станат плен на елинизмот“[62]. Со своите мноштво патувања низ Македонија и одржувајќи врски со мноштво приврзаници на словенската

---

[55] ЦДА, ф. 1887К, оп. 1, а.е. 500, л. 53-58; Сп. „Български книжици”, № 10, кн. 2, май 1858 г., с. 19.

[56] Цитирано според Илия Галчев, *Българското самосъзнание на населението в Македония през Възраждането*, Университетско издателство "Св. Климент Охридски", 2005, дел објавен на http://macedonia.kroraina.com/new_books/galchev/galchev.html користен на 11.05.2018.

[57] Исто.

[58] Спространов, По възражданьето..., 623, 624, бел. 1 и 3.

[59] Тој во периодот 1851 – 1854 е агент на српската влада на која ѝ испраќа извештаи од Македонија а добива и делумна финансиска помош (252, 256), а потоа активно од 1862 до 1876 ( 271, 27, 284, 285). Финансиска помош добива во едно време и од австрискиот конзул во Цариград (255). По 1862 – 1877 добива плата од Белград од 180 дукати годишно и 50 дукати за трошоци (275).

[60] Dokletić, Životni put Stjepana Verkovića, 273.

[61] Според Верковиќ: „Воопшто оваа словенска гранка имала најнесреќна судбина и од сите Словени под турска власт најмногу има заостанато. Без секаква народна самостојност и свест таа живее лишена од свои старешини и наставници... одвај во последно време во некои општини народната свест се има разбудено дотолку, што населението сака богослужба на разбирлив јазик“. Народни песни на македонските българи. Съставител Стефан Веркович. Под редакцията на Тодор Моллов. Варна: LiterNet, 2007, Предговор, https://liternet.bg/publish20/s_verkovich/predgovor.htm користено на 05.11.2018.

[62] Dokletić, Životni put Stjepana Verkovića, 286 (изјавата му е од 1870 г.)

и бугарската идеја, тој ќе игра активна улога во ширењето на бугарската национална идеја[63].

Бугарската идеја е донесена во Источна Македонија во 1863 год. од Стефан Захариев од Пазарџик (со активна поддршка на Верковиќ). Истиот, во свое писмо од 6 јануари 1863 год. изјавува: „с много трудове сполучих да пробудя в Неврокопските заблудени в гъркоманство българе, да установят там едно българско училище... от което ... надеем ся, до малко время да ся пробудат и околните епархии македонски, като българе“[64]. Тоа е воопшто првото место во Источна Македонија во кое пробива бугарската национална идеја, додека сите околни места сè уште „спијат“[65]. Училиштето си останува единственото бугарско во целата околија, барем до 1868 год. и добива помош однадвор, вклучително од Стефан Верковиќ и од рускиот конзулат во Пловдив.

До 1866 година, бугарската национална идеја ја нема во Солун. Според Салганџиев повикот за бугарска национална борба „не намѣрваше отзивъ въ оня градъ, отъ който първо блѣсна светлината...Солун“. Во Солун, за првпат бугарско училиште се отвора во една соба по иницијатива на Николај Миранович Тошков, родум од Калофер, жител на Одеса, но издржува одвај 3 години и е затворено[66]. Уште подоцна, бугарската идеја се појавува во солунската околина, во Киреќој во 1874 год. донесена од Христо Захариев од Пазарџик[67].

Многу значајна информација за реалното влијание на бугарската национална идеја во Македонија во периодот 1867 – 1878 ни дава работењето на книжарницата на Г. Данов, која во 1867 год. отвора своја филијала во Македонија. Тоа не е само книжарница, туку и пропагандна организација: „Една од главните цели на книжарницата беше и грижата да се отворат бугарски училишта таму каде ги немаше, да се заменува Часословот со нови книги, да се изместува грчкиот јазик од училиштата во бугарските села и да се заменува со бугарски“, т.е. ќелијниите и грчките училишта да се заменуваат со бугарски. Меѓутоа, книжарницата преку продажбите на книги овде не е во состојба да издржува дури и еден свој вработен, така што истиот е приморан да работи и друга работа за да се прехранува. Повеќето книги се даваат на вересија која најчесто останува неплатена: „Од таа вересија, како што е познато на г. Данов многу пари му пропаднаа“ и „Од таа книжарница, веројатно, г. Данов, не успеа да извлече никаква материјална добивка, напротив – големи загуби“. Причината е што во повеќето

---

[63] Dokletić, Životni put Stjepana Verkovića, 249, 250, 282 - 285. За дејноста на Верковиќ види и Катарџиев, Серската област..., 170 – 177.
[64] Dokletić, Životni put Stjepana Verkovića, 117.
[65] На 21 10. 1863 год. во весник „Съветник“ е објавена дописка од општината според која поради својата местоположба во Северна Македонија и во соседство со Тракија на Неврокоп и неговите 65 села било предодредено „по пряди от другите македонски градища да ся пробуди от многогодишнийт сън, който бяха нанесли фенерските агенти на всичката България. Когато по примера на другите си братия българе начнахме да чувствуваме и ний, че не сме потомци на Елинна ...”, В. „Съветник“, Цариград, г.1 бр 31, 21 окт 1863 (*Просветното дело в Неврокоп (Гоце Делчевско) и неврокопско през възраждането*, Народна просвета, София 1979, 139)
[66] Стефан Салгънджиев, *Лични дѣла и спомени по възраждането на солунскитѣ и сърски Българи или 12-годишната жестока неравна борба съ гръцката пропаганда*, Печатница „Трудъ” на П. Бѣловѣждовъ, Пловдив 1906, 22, 23, 63. Спореди исто и Атанас Шопов, Материяли за българското възраждане в Македония, *Периодическо списание на Българското книжовно дружество*, ЦБ на БАН, 1885, 442 – 444.
[67] Отварянето на първото българско училище в село Киречкьой (Солунско) Спомен от Иван Апостоловски *Македонски преглед*., Год. V, кн. 3. Македонски научен институт, 1929

места нема бугарски училишта, а и постоечките училишта работат по книги „какви што нашле“, или се едноставно стари ќелијни црковни училишта. Интересот кон бугарските книги е слаб: „требаше да помине време, требаше да се чека со години за да се пробие пат. Требаше да се заменат Наустницата и Псалтирот со нови бугарски учебници па тогаш дури да се надеваме за добри продажби и колку-толку прилична печалба“[68]. Ист проблем со оној со кој се судира Австро-Унгарија во Албанија, генерација подоцна.

Таа книжарница среќава и одреден активен отпор: Шапкарев успева да ги убеди велешките првенци да ги исфрлат книгите на Данов од училиштето, а да ги воведат оние на Шапкарев кои биле на македонско наречје[69].

Освен што бугарската национална идеја е донесена во Македонија однадвор, од немакедонци, и се шири тешко, истата си пробива пат благодарение на активната лобистичка и финансиска поддршка што ја добива од руските конзули, од протестантската и католичката пропаганда и од агенти како Стефан Верковиќ[70]. Така, во Охрид, нема да може да се отвори за постојано бугарско училиште, сè додека во 1865 год. рускиот конзул Хитрово не обезбедил годишно финансирање од 300 рубли[71]. Поддршката на руските конзули била особено важно за неврокопската општина[72].

Резултатот од сите овие напори раѓаат малобројна пробугарска или генерално, прословенска група интелигенти и активисти. Нивниот единствен сериозен успех во Македонија за време на 20-годишното им дејствување, е добивањето на повеќе епархии за Егзархијата, само што овој успех нема да има ништо општо со бугарски национални чувства кај населението какви што не постојат, а ќе се должи на големата корумпираност на дел од владиците на Патријаршијата, од која населението се надева

---

68 Кр. Зотова, Книжарницата на Хр. Г. Данов във Велес и делото на братя Босилкови. *Исторически преглед, год. XLVIII,* БАН, *1992, 116-130*, а конкретно се цитира писмо на Константин Босилков до Христо Г. Данов от 1905 г.).

69 Шапкарев ќе инсистира дека книгите на Данов „не требало да се продаваат во македонските училишта, зашто биле на бугарско наречје, а да сме земале од неговите книшки зашто биле на македонско наречје“. (*Документи за борбата*, 208).

70 За дејноста на Верковиќ подоцна К'нчов ќе напише: „Верковиќ станал посредник меѓу Цариград и Серскиот Санџак. Тој пишувал до Цариград за развојот на работите во Источна Македонија, агитирал меѓу населението, поттикнувал по плашливите, помагал со пари, кога можел и воопшто правел се што му поаѓало од рака да помага на народот против угнетувачите” (Васил Кънчов, *Пътуване по долините на Струма, Места и Брегалница. Битолско, Преспа и Охридско,* во Избрани произведения. Том I. Издателство „Наука и изкуство”, София 1970, 240).Училиштата во Југоисточна Македонија добивале преку Верковиќ учебници од српската влада (*Документи за борбата,* 201). Огромната важност на Верковиќ за постоењето на неврокопска општина се гледа од постојаните писма на истата до него со молби за застапништво, помош и совети во нивната борба (*Просветното дело в Неврокоп...,* 118 - 127). Иако Верковиќ понекогаш бил помаган во собирањето на етнографските материјали и бесплатно од одделни учители тој почесто е принуден да им плаќа, Dokletić, Životni put Stjepana Verkovića, 281, 282.

71 Спространов, *По възраждането...*, 635

72 Како што ќе констатира Йордан Ванчев во Поглед върху просветното дело в Неврокоп през втората половина на XIX в., во *Просветното дело в Неврокоп ...*, 44 „напорите на Бугарите во Македонија ... се штедро поддржувани од Русија. Руските конзули во Солун, Охрид и Битола даваат големи субвенции за развојот на просветата, а низа поборници на новобугарското училиште добиваат образование во руски образовни институции”. Во молба до рускиот амбасадор во Цариград (кого го нарекуваат единороден и сонародник (соплеменик) што зборува многу за нејасноста на националните претстави на овие новородени Бугари) от 3 февруари 1870 год. тие признаваат дека "*Ми ся трудим но средства нямаме; ми желаем но оръдия нямами*" (*Просветното дело в Неврокоп ...,* 128). Во декември 1870 год. како резултат од нивната молба до рускиот амбасадор тој им испраќа: три сандаци со црковни одежди и 70 учебници (*Просветното дело в Неврокоп ...*, 129, ф. 1)

да се избави преку Егзархијата[73]. Меѓутоа, ова пробугарска група не успева да произведе сериозна поддршка во корист на санстефанска Бугарија[74], што само по себе зборува за исклучително слабата привлечност на бугарската национална идеја за македонското население, кога дури и можноста за ослободување од турска власт не била во состојба да го мотивира. Руско-турската војна 1876 – 1878 г. ќе има за резултат лесно и целосно уништување на плодовите на сите овие напори.

Тоа е многу јасно и категорично кажано во 1885 г. од главниот секретар на Егзархијата - Атанас Шопов. Според него пред 1878 год. во Македонија скоро и немало бугарска национална самосвест.[75] Но и во времето кога тој пишува, реално во Македонија нема бугарска свест[76]. Кога Егзархијата повторно се појавува во Македонија таа „беше принудена пред сè да успее да ги затвори грчките училишта и потоа да отвори бугарски. Таа имаше сосема малку, и подобро – сосема немаше потпора и содејство, и затоа таа беше должна да создаде елементи, кои да ја помагаат, да ѝ служат за почва“. Притоа главен отпор против нејзиното навлегување дава месната елита, која изјавува дека во Македонија нема Бугари и не сакаат бугарски училишта и владици[77]. Бугарската пропаганда е принудена да си одгледа свои нови воспитаници и приврзаници[78]. Основна улога во тоа е предвидена за бугарските училишта[79]. Без

---

[73] На пример пробугарската пропаганда така и нема да успева да се пробие во Мелничка Епархија каде што Патријаршијата има добар владика, кој го толерира црковнословенскиот јазик. Од друга страна, и покрај бројните злоупотреби, живеењето со жена, воведувањето повисоки такси и грубиот однос, населението во Охридската епархија ќе обрати внимание на пробугарската пропаганда одвај откако по многу години конечно се убедиле дека Патријаршијата нема истиот да го повлече.

[74] Во 1885 год. Атанас Шопов ќе констатира: „Ако националното съзнание беше събудено в Македония тъй както беше събудено в България и Тракия, ако един силен македонски глас беше убедил Европа, че там живеят Българи, уверявам Ви, С. Стефанска България никой не можеше да уничтожи”, „Други щеще да е въпроса... ако имаше в града една мощна, авторитетна българска част, която да поддържа народното чувство и българския дух и в селата. Св. Стефанска България никой не можеше да уничтожи ако цела Македония притежаваше онова народностно самосъзнание, с което се отличаваха българите от България и Тракия ... Македония не успя да се освободи, защото ...не успя убедително да докаже своята българска народност пред Берлинския конгрес“. (Офейков (Атанас Шопов), Македония въ време хилядагодишнината на св. Методия, Издавач,Пловдив, 1885, с. 74, 111).

[75] Шопов, Материяли, 440: «факта, че до преди последната руско-турска война у Македонските българе почти отсъствуваше народното самосъзнание и играеше главна роля вярата, която беше в същото време и народност за македонците…»

[76] Шопов, *Македония:* „Македонските българи, в повечето части на Македония, са още в началото на своето национално развитие, на своето самосъзнание; те са още детца, които едва различават своето от чуждото и чувствата на които са още в своя зародиш. На тия детца трябва да даваме опитни ръководители, добри възпитатели, ако искали да имами успех; иначе ний ще претърпявами много често неудача. Още веднъж: учителите, които пращами в Македония трябва да избирами, защото от тях зависи успеха на учебното дело и въобще на българщината в нещастната тая страна” (92). „По-голяма част от македонците спят, нехаят, нямат понятие от народност и българщина” (110). „Казахми, повторихми и приповтарями, че в Македония ний нямами хора; органическия елемент на македонската българщина е или в затвор и заточение, или в София и Пловдив – емигрирал. Там няма жив елемент, на когото человек да се възслони, няма почва, на която человек да стъпи и да действува. Българите спат; селяните се казват гърци само и само да не страдаят ... в македонската маса няма още крепко национално съзнание; ето това самосъзнание трябва да се събуди и укрепи“ (126); „по-голяма част от българска Македония днес не притежава нужната смелост да изповяда своята народност“ (111).

[77] Шопов, *Македония...*, 5 – 8: „казват пред света, че в Македония няма Българи, че македонското население не желае български владици и пр.; тия същите представители са, които не позволяват да се отварят български училища в селата, да се учат и молят български...викат пред света, че в Македония нема Българи” (8).

[78] Шопов, *Македония:* „главните фактори, връз които можеше да се възслони българската пропаганда в Македония, които можеха да ръководят македонското население, веднага след войната изчезнаха ... И тъй,

создавање на генерација со бугарска свест, Бугарија нема шанса да ја добие Македонија[80]. Главно прашање се покажува финансирањето – Македонците не даваат пари за бугарски училишта. Бугарската пропаганда ќе најде само две решенија – ставање под контрола на црквите и користење на нивните црковни приходи за пропаганда или директно финансирање од бугарскиот буџет[81].

Тврдењата на Шопов се потврдуваат од други извори. На 13 јануари 1883 год. претседателот на бугарската влада Стоилов му пишува на кнезот Батемберг опширно излагање за потребата од драстично зголемување на финансирањето на Егзархијата и нејзините училишта во Турција: „сè ќе зависи од тоа, кој ќе биде побрзо на местото и со кого ќе биде населението... А самото население во Македонија... се разбира, дека е готово да отиде таму каде надежта за една поподнослива иднина му изгледа најблиска и најостварлива... Треба да се развие во македонските Бугари чувството за народна самосвест, треба мало и големо да знае, дека е бугарска крв и да се гордее с тоа... тука се во прашање значајни финансии... нужното е во тоа дело левата рака да не знае што врши десната... особено внимание треба да се обраќа на лицата, кои се испраќаат за учители: тие не само што треба да ја учат младата генерација, но главното е да ја воспитуваат во патриотски дух... Негово Блаженство ја моли кнежевската влада да ги направи нужните постапки и да ја излобира оваа сума зашто од неа зависи

---

за да работят, за да събудят и просветят своите братя в Македония, българите трябваше, преди всичко, да създадат известна почва, да доведат или да отхранят интелигенция, да намерят учители и свещенници" (9). „Македония пак ще бъде изгубена за нас, ако ний я оставим сама да се бори, сама да се събужда и развива. Ний ще бъдем сигурни, Македония ще бъде в път да се изтръгне из ноггете на гърци и католици само когато й въспитами млади сили, когато й дадем чисто българско поколение с крепко национално чувство, съ силен патриотизмъ, поколение, което да се не бои от силния неприятел, което да ръководи массата, същия народ в опасната борба за живот или погибел"(74 – 75). „Главното наше внимание, главните наши сили засега трябва да бъдат устремени, съсредоточени в това: да приготвим, да събудим и закрепим народното самосъзнание в ония части на Македония които още спат, не съзнават народността си." (114).

[79] „Македония ний ще завардим българска само чрез училищата" (с. 129). Целта на бугарскиот учител и неговото учителстване во Македонија е „да събуди национално съзнание в народа чрез училището и черковата, чрез книгата и Бога" (с. 77). „Те се лишават от младо поколение съ български чувства и българска народност; трябва да им родим, да им създадем това поколение. А подобно поколение се ражда само в училищата" (114, 115).

[80] Шопов, *Македония:* „Ако Македония се остави от българите сама на себе си, сама да ратува, сама да се събужда и развива, тя ще изгуби в много, ако не в повечето части, своята народност..." (70), т.е. претпоставената од него „бугарска народност". Тој дури е убеден дека оставена сама на себе Македонија поскоро ќе стане грчка отколку бугарска „Ний не се боим да извиками на всеуслишание, че по-голямата част, даже всичката Македония политически за нас е изгубена, ако не се погрижим, с няколкогодишен труд и жертви да й създадем, да й отгледами млади сили, интелигенция... Ний казвами че по-голямата част от Македония ще бъде за нас изгубена в случай, че скръстим ръце още от сега, защото бъдещата участ на една страна напълно зависи от националността, с която тя заяви себе си пред света" (71). „А в случай на окончателно распадение и разпределение на турската държава, в случай на разрешение въсточния, славянския въпрос, щом няма интелигентна сила в горните български градове и села, която да заяви пред света своята народност, която да докаже, че тамошния народ е български, разбира се, че Македония ще бъде изгубена за българите" (74). „Трябва предварително да приготвим българите, трябва да родим в тех народностна самосъзнателност... да възбудим окончателното политическо разрешение на македонския въпрос...опасно е защото Македония ще попадне под чуждо владение. А щом стане това по-голямата част от македонските българи в няколко години само ще изгубят и без туй слабото съзнание за своята народност" (111, 112).

[81] Шопов, *Македония:* 80 – 84: „Едничкото средство за достигание целта са черковните приходи. Чрез църквата само могат да се събират пари за поддържание на училищата. Македонеца в черкова всякога ще отиде, на Бога всякога ще предостави своята лепта."

обезбедувањето на бугарската народност во уште неослободените нејзини територии“[82].

Имено, во овој дух е реализирана бугарската пропаганда во Македонија. Познатиот бугарски етнограф Васил К‘нчов, пристигнува на 1 септември 1888 год. за учител во солунската бугарска гимназија со јасна цел дека „е дојден за учител во Солун за да ја побугари Македонија“[83].

Имено, преку финансирањето од бугарскиот буџет, општините, црквите и училиштата во многу места во Македонија се ставени под бугарска контрола и претворени во центри за создавање на Бугари. Мноштво луѓе стануваат Бугари заради финансиска корист. Во време на владеењето на Стамболов (1887 – 1894) во Бугарија Македонците са нарекувани „кемидадешковци“ и подигрувани со фразата „дај ми пари ќе се чинам Бугарин“. Истото е констатирано во програмската брошура на ВМРО од 1894 год. – „Стамболовштината во Македонија“ од Петар Попарсов, при што информира и дека Егзархијата дури и во 1894 год. не се надева на месните Македонци, а претпочита да си доведува кадри од Бугарија[84].

И покрај огромната поплава на националните пропаганди во крајот на 19 в. сепак во почетокот на 20 век ситуацијата е многу малку променета. Еден грчки национален активист ќе го соопшти следното за положбата во Солунско во тоа време: „секој пат кога ги прашав (селаните – С.С.) какви се Ромеи или Бугари, тие ме гледаа збунето. Прво се прашуваа едни со други што ли значат моите зборови, потоа се прекрстуваа и наивно ми одговараа: „ами ние сме христијани – што ти значи тоа Ромеи и Бугари“[85]. Брејсфорд е многу јасен дека таква е ситуацијата во Македонија генерално: „Словените во европска Турција сè уште немаат високо развиена национална свест, а и онаа малку што ја поседуваат, е скорешна“[86]. Карактеристичен е неговиот разговор во 1905 год. со неколку млади селани од село изолирано од пропагандите, кои ги одвел до една тврдина и ги прашал, кој ја има подигнато. Му одговориле: „слободните луѓе“. „А

---

[82] Величко Георгиев, Стайко Трифонов, *История на Българите 1878 – 1944 в документи*, т. 1, част 2, Просвета, София 1996 г. 145-150

[83] Хр. Шалдевъ, Изъ записките на Ив. Х. Николовъ, „Илюстрация Илинденъ“, 1936 г., Илинденската организация, книга 1 (71) с. 4. Дека К'нчов бил на истото мислење како Шопов за ефектот од ослободувањето на Бугарија во 1878 год. врз порбугарското движење во Македонија сведочат следните негови зборови: „настаните во Бугарија ја убија бугарштината во Македонија што се преродуваше.“ Васил Кънчов, *Пътуване...*, 246

[84] „Токму таква е нашата положба: ни даваат пари да не убијат... По врагот со тие пари ... убивајќи ги нашите општини … сумите – единствениот мотив на бугарската пропаганда!... велат, дека ни давале пари да нè направаат Бугари...“ Учителите Македонци се избирале од оние кои во Бугарија „ги нарекувале меурџии и ги карактеризираат со фразите... „ќе ми дадеш пари ќе се чинам Бугарин“ „Егзархот охка ли охка седнал да се чуди што да прави со оние кои му изјавуваат: „или учител, или ќе се откажеме од Егзархијата“, кажано со други зборови: „дај ми пари да се чинам Бугарин“... И Егзархијата дава пари и купува ветер, зашто: народност со пари не се купува...“. „Најважните служби Егзархијата ги дава на Бугари: ... а од егзархиската служба ги отстранува свесните Македонци... Со тоа ‘народната’ Егзархија совршено свесно се стреми да ликвидира секое посамостојно движење кај нас...“ Попарсов го карактеризира Училишниот оддел на Егзархијата во Истанбул како „чисто и просто еден северобугарски језуитски орден со извесна задача...да се создадат во Македонија Бугари“. Ги напаѓа сите Бугари „дојдени во Македонија со претензија: ‘да создаваат Бугари’“. Вардарски (Петар Поп Арсов), *Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници*, Табернакул, Скопје, 2006, с. 65, 66, 76 – 78, 80, 94, 95, 102

[85] Марк Мазовер, *Балканот, кратка историја*, Евро-Балкан прес, Скопје 2003, 67 (се повикува на M. Avgerinos, Makedonika apomnimonevmata, Athens 1914, p. 10)

[86] Хенри Ноел Брејслфорд, *Македонија, Нејзините народи и нејзината иднина*, Скопје. 2003, 184

кои биле тие?“ „Нашите предци“. „Добро, но какви биле тие – Срби, Бугари, Грци или Турци?“ „Не биле Турци, биле христијани“[87]. Во тоа време, националноста продолжува да е објект на трговија, преговори и добивање на подобри услови и перспективи: „Селата си ја менуваа приврзаноста од грчката кон бугарската црква двапати или трипати годишно. „Човек мора да знае од каде дува ветерот“, да им ја наведам изреката“[88].

Она што зачудува всушност, е што, без разлика на сѐ, и македонскиот национализам си пробива пат: „Немаат страст за нивната националност, туку за нивната земја. .... Нација на селани што тргнува со вакви конзервативни одлики, бргу ќе развие вистински локален патриотизам. И ова фактички, се случило, наспроти спротивставените околности. Нивните балади за бунт во кои зборот „Македонија“ се јавува во секој рефрен, докажуваат дека тие веќе имаат татковина... “ констатира Брејлсфорд[89]. Обидите за создавање на македонска црква, за воведување на македонскиот јазик во училиштата и за создавање на македонски универзитет на крајот на 19 и почетокот на 20 в.[90], не наидуваат на поддршка кај големите сили, за разлика од оние на бугарските и албанските, кои дури и вешто се поттикнувани.

*******

Независно од големите разлики во социјалната организација меѓу луѓето во Македонија и Албанија, развојот на национализмот кај нив е доста сличен. И во двете популации национализмот како идеја е донесен од странци. И во двата случаи, во првата етапа, поттикнување на интересот кон националните прашања, е последица од културните текови и интереси на големите сили (панславизам, илиризам, култ кон древноста), како и страничен ефект од одредени иницијативи од културен и верски карактер (протестантски и католички мисии). Меѓутоа, малку подоцна и далеку поорганизирано се развиваат националните идеи благодарение на свесни политички кампањи на одделни држави. И во двата случаи, напредокот на соседскиот национализам и стравот од судбината на нивната земја поснезибежниот распад на Отоманската Империја играат улога на силен стимулатор.

Парите на големите сили, нивното охрабрување и заштита, играат голема улога во развојот на националните движења. Во таа смисла, имаме фрапантна паралела меѓу кажаното во „Стамболовштината во Македонија“ на Петар Попарсов, за Егзархијата која „дава пари а купува ветар, зашто националност со пари не се купува“ и „купувањето души“ за кое се зборува во меморандумот за Албанија од 1905 година. Сличност имаме и во тоа што и Австро-Унгарија и Бугарија стигнуваат до истиот

---

[87] Мазовер, *Балканот...*, 68-69.
[88] Брејслфорд, *Македонија...,* 234
[89] Исто таму, 184
[90] Овде мислам на акцијата на Теодосиј Гологанов, на одлуките на костурската општина од 1891, за дејноста на Мисирков, обидот на Попарсов да отвори универзитет во Скопје, но и за плановите на санданистите да воведат македонски јазик во училиштата за што соопштува на 5. 06. 1905 год. лондонскиот весник „Пал мал газет“ во статија на д-р Карл Блајнд и грчкиот весник „Кери“ на 1.08.1908 год.

неизбежен заклучок – ако не соработуваат тесно со турската власт – невозможен е успех на националната пропаганда поддржувана од нив [91].

Разликата е во односот на големите сили кон конкретните национални идеи. Во создавањето на албанска нација, некои од нив гледаат свој интерес. Во Македонија, големите сили ги поддржуваат грчката, бугарската а потоа и српската национална идеја, додека македонската не добива поддршка од никого[92]. Имено, поради овој контраст истражувањето на развојот на овој неспонзориран национализам е особено важна, зашто ни покажува каква би била ситуацијата и со другите, доколку не беше поддршката на големите сили. Во тој аспект не релативната слабост и бавност во развојот на македонскиот национализам, туку упорната виталност наспроти околностите е она што бара објаснување, заедно со неговата појава, опстојување и реализација.

Улогата на големите сили - овој клучен за Балканот фактор дозволува, хипотетички, националните движења и националните држави овде да се поделат на две групи: такви што се директна проекција и реализација на интелектуалните и културни доминанти и на политичките интереси на големите сили: грчка, српска, бугарска, албанска, и такви што се создаваат без директна поддршка на големите сили (понекогаш дури наоѓаат и на спротивставување) и се развиваат под општото влијание на навлегувањето на националните идеи, понекогаш како реакција на веќе појавените национални движења и држави: македонска, турска, црногорска, босанска.

***

Родени како идеи во кабинетите на одделни учени и ентузијасти и нашле почва меѓу некои балкански емигранти, националните идеи понатаму се шират со поддршка на истите големи сили, што води до создавање на соодветни национални движења. Претензиите на таквите движења понатаму се презентирани и рекламирани пред светската јавност од фактори пак од големите сили. Доколку целите на тие движења биле усогласени со интересите на големите сили, тие ги реализираат, но не во свое име, туку во името на националните движења кои сами по себе не претставувале ништо сериозно, ниту имале некаква особена заслуга за остварувањето на националната цел. Големите сили ги реализирале своите интереси на Балканот прилично лицемерно, под маската на благородната заштита на природните и националните права и принципи, на плодови чии семиња самите ги подметнале и кои без нив одвај би постоеле. На тој начин, низа на балканските национални идеи родени во срцето на големите сили ќе бидат реализирани од нив на Балканот, претворајќи ги така балканските нации во *self-tulfilling prophecy*.

## ЛИТЕРАТУРА

Атанас Шопов, Материяли за българското възраждане в Македония, *Периодическо списание на Българското книжовно дружество*, ЦБ на БАН, София, 1885

[91] „за да работим успешно в Македония ... ний трябва ... да бъдем приятели с турците. За да надвивами на гърците в Македония, ний трябва да поисками сътрудничеството на турците. Иначе се не може” (Шопов, 128)

[92] Дури и обидите на Србија да го експлоатира за свои цели „македонизмот“ во почетокот на 1890-тите години, не оди подалеку од зборовите: ниту едно издание не е подготвено или издадено.

Бенедикт Андерсон, *Замислени заедници*, Скопје, 1997

Блаже Ристовски, Македонски работи, Скопје, 2013

Вардарски (Петар Поп Арсов), *Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници*, Скопје, 2006

Васил Кънчов, *Пътуване по долините на Струма, Места и Брегалница. Битолско, Преспа и Охридско,* во Избрани произведения. Том I. Издателство "Наука и изкуство", София 1970

Величко Георгиев, Стойчо Трифонов, *История на Българите 1878 – 1944 в документи*, т. 1, част 2, София 1996 г.

Върбан Тодоров, Предговор, във: Влиянието на Австро-Унгария за създаването на албанската нация (1896 – 1908), София, 2012, с. 9 - 18

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. 1, Скопје, 1981,

Ернст Гелнер, *Нациите и национализмот*, Скопје 2001,

Ерих Хобсбаум, *Нациите и национализмот по 1780 г., програма, мит, стварност*, Скопје 1999

Евтим Спространов, По възражданьето въ градъ Охридъ, Сборникъ за Народни Умотворения, Наука и Книжнина, книга XIII, София, 1896, стр. 621—681

Ѓорѓија Пулевски, Славјанско-македонска општа историја, МАНУ, Скопје 2003.

Иван Катарџиев, Серската област (1780 – 1878), во *Борба до победа*, т. 1, Скопје, 1983

Илия Галчев *Българското самосъзнание на населението в Македония през Възраждането*, Университетско издателство "Св. Климент Охридски", 2005, користен дел на http://macedonia.kroraina.com/new_books/galchev/galchev.html користен на 11.05.2018

К. П. Мисирков, За македонцките работи, Софија, 1903.

Кр. Зотова, Книжарницата на Хр. Г. Данов във Велес и делото на братя Босилкови. *Исторически преглед, год. XLVIII, 1992, 116-130*

Ljubiša Dokletić, Životni put Stjepana Verkovića (1821-1894), Radovi Zavoda za hrvatsku povijest Filozofskoga fakulteta Sveučilišta u Zagrebu, Vol.14 No.1 Rujan 1981, str. 229-358

Марк Мазовер, Балканот, кратка историја, Скопје 2003

Народни песни на македонските българи. Съставител Стефан Веркович. Под редакцията на Тодор Моллов. Варна: LiterNet, 2007, Предговор, https://liternet.bg/publish20/s_verkovich/predgovor.htm користено на 05.11.2018.

Отварянето на първото българско училище в село Киречкьой (Солунско) Спомен от Иван Апостоловски *Македонски преглед*. Год. V, кн. 3. 1929

Офейков (Атанас Шопов), Македония въ време хилядагодишнината на св. Методия, Пловдив, 1885

Просветното дело в Неврокоп (Гоце Делчевско) и неврокопско през възраждането, София 1979

Страшко Стојановски, Од милет до нација, здавање на нациите и национализмите на Балканот, Штип, 2016

Стефан Салгънджиев, Лични дѣла и спомени по възраждането на солунскитѣ и сѣрски Българи или 12-годишната жестока неравна борба съ гръцката пропаганда, Пловдив, 1906 г.

Теодора Толева, Влиянието на Австро-Унгария за създаването на албанската нация (1896 – 1908), София, 2012

Уилям Хейгън, Смъртоносните национализми на Балканите, *Либерален преглед*, 11 Декември 2012, http://librev.com/index.php/2013-03-30-08-56-39/prospects/europe/1878-2012-12-11-19-04-16

Хенри Ноел Брејслфорд, *Македонија, Нејзините народи и нејзината иднина*, Скопје. 2003

Хр. Шалдевъ, Изъ записките на Ив. Х. Николовъ, "Илюстрация Илинденъ", 1936 г., книга 1 (71)

Чочо Билярски, Петко Рачев Славейков и скандала по македонския въпрос в българският възрожденски печат през 70-те години на XIX в. (интернет публикација http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=481:-70-xix-&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61